ПРЕДЛАГАЧИ:
Членови на Совет на Град Скопје од Граѓанска иницијатива ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД, Драгана Велковска и Горјан Јовановски

ДО:
Претседател на Совет на Град Скопје, Трајко Славески

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr 27-7379/1
11. 07. 2023 год.
СКОПЈЕ - SHKUP

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

за поништување на Одлуката за донесување на Регулациски план на Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт СЗ 19

Скопје, јули 2023

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/04), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на __________ 2023 година, донесе

# О Д Л У К А
## за поништување на Одлуката за донесување на Регулациски план на Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт СЗ 19

**Член 1**

Се поништува Одлуката за донесување на Регулациски план на Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт СЗ 19 (Одлука бр. 27-1496/5 од 23.02.2021 г.).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ________________
_________ 2023 година
С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

_________________________

## Образложение

Активистичката група НаТочак уште пред донесувањето на Регулацискиот план за ГУП за четврт СЗ 19 во 2021 г. бараше негово повлекување[1]. Причините за барањето за итно повлекување беа многубројни. Во дописот од НаТочак беше истакната кратковидоста во поглед на сообраќајното решение. Со Регулацискиот план за СЗ 19 се „цементираат“ позициите и широчините на сервисните улици. Тоа не би било лошо кога би се имало визија и би се мислело оптимално на сите видови сообраќај, на најдобро можно решение за населбата кое пешачки и велосипедски добро ќе ја вмрежи во нејзината внатрешност и со остатокот од градот. Но во случајот не беше така. НаТочак дадоа конкретен предлог[2] со кој Ангел Динев би станала зелена и комплетна улица со заштитен појас покрај училиштето и безбедна зона за учениците и сите минувачи пеш и на велосипед. Меѓутоа, тој предлог практично станувaше невозможен да се реализира со така тесно и погрешно трасирана улица во Регулацискиот план.

Сообраќајните пропусти не застануваат на ул. Ангел Динев. Новопланираната траса на ул. Есперанто се разликува од сегашната. Таа продолжува во права линија од комплексот Порта Влае, минува низ школскиот двор и избива на појужна позиција на ул. Ангел Динев. Сегашната траса на ул. Есперанто граничи со повеќе парцели во приватна сопственост од приближно 2.500 м$^2$. Ако продолжи процедурата со изменета траса на ул. Есперанто и градежна парцела како што беа на јавната анкета, сопственикот на парцелите, согласно Законот за градежно земјиште, ќе има право да ја откупи старата траса на улицата и околното државно градежно земјиште и да оформи 2 нови градежни парцели од вкупно 4.443 м$^2$. На овие парцели, 1.7 и 1.8 согласно предложениот ДУП за градска четврт СЗ 19 од 2022 година, треба да се изградат згради со катност од П+10 и со огромен габарит. Со тоа, основното училиште „Димо Хаџи Димов“ ќе биде опкружено со голем број на жители и многу сообраќај, што е во спротивност со сите инфраструктурни потенцијали и сите правила за безбедност на децата.

Која е логиката да се даде траса на улица на продажба?

Одговорот треба да го бараме во член 37 од ГУП-от за линиските центри кој вели дека за објектите кои се наоѓаат на 25 метри од примарна сообраќајница не важат ограничувањата на параметрите. **Доколку на сопственикот на парцелите кај Кино Влае не му се додаде старата траса на улицата, тој ќе има ограничување на параметрите како и сите други сопственици во Влае, односно ќе биде порамноправно третиран. Доколку му се додаде трасата на ул. Есперанто тој е привилегиран по две основи: и ќе добие државно земјиште од трасата на моменталната улица и ќе важат други правила за**

---

[1] Граѓанска иницијатива НаТочак: _Барање за повлекување на Регулациски план СЗ 19 – Влае 2_ [достапно на следнава врска: https://natochak.blogspot.com/2021/02/19-2.html]
[2] Граѓанска иницијатива НаТочак: _Предлог за зелена, безбедна, вело-пријателска ул. Ангел Динев – за зелен, безбеден, пешачки и вело-пријателски Карпош_ [достапно на следнава врска: https://www.facebook.com/NaTochak/posts/3719199201481198?refid=52]

**градење само за него и ќе може да расте во висина неограничено. Оваа повеќекратна привилегија е веројатно една од причините за Регулацискиот план донесен во 2021 година.**

**Согласно Регулацискиот план од 2021 година (Регулациски план на ГУП за четврт СЗ 19 во Скопје, одлука 27-1496/5 од 23.02.2021 г.), Град Скопје ѝ планира на Општина Карпош да ја „исправи“ улицата Есперанто со што истата ќе навлезе од северната страна во училишниот двор на основното училиште „Димо Хаџи Димов“.**

**За таа намена ќе бидат срушени училишната кујна, како и јужната ограда, ќе се исечат огромни здрави и возрасни дрвја во и надвор од училишниот двор, а ќе биде одземен и дел од дворот на училиштето. Со ваквата изградба на улицата, училиштето ќе биде опкружено со две екстремно прометни и бучни улици. Исправањето на ул. Есперанто ќе ја зголеми и брзината на сообраќајот и уште повеќе ќе ја зголеми опасноста по животот и здравјето на децата. Со пробивањето на ул. Ангел Динев пред главната врата на училиштето и супстрандардно тесните тротоари, децата кои одат во ова основно училиште веќе се секојдневно изложени на опасност.**

Во минатото, ул. Есперанто била испланирана на соодветна оддалеченост од училиштето и со кривина која природно го забавува сообраќајот. Намерата за исправање на ул. Есперанто урбанистите ја оправдуваат со оддалечување на крстосницата на ул. Есперанто со ул. Ангел Динев подалеку од крстосницата на ул. Ангел Динев со бул. Партизански одреди. Ист случај има и на северната страна на бул. Партизански одреди, каде што има иста крстосница меѓу улиците Петар Чаулев, Влае и Ангел Динев, но таму не се направи нов регулациски план со поместени улици низ нечии парцели, а ситуацијата со сообраќајот е комплетно иста, ако не и полоша поради нагорнината и поставеноста на семафорот. Овде во Влае 2 се нашло на „поволен терен“, односно државно, односно школско, земјиште и може да се применуваат селективно правилата за нечиј приватен интерес. Намерите за ваквите активности одат само на штета на децата и сите жители на Влае.

Дополнително, со овој Регулациски план е предвиден огромен објект на ГП 03.281 со намена В2 – здравство и социјална заштита (со сомнителни компатибилни намени - А3, Б5, Б1, Д3, Б4) на единствената слободна површина со тревник покрај Вардар која до сега беше со намена исклучиво за спорт и рекреација. Практично, се вметнуваат државни објекти во постоечки зелени површини на две места, а на државното земјиште каде што бил предвиден објект за државни институции со претходен ДУП (на крајот на ул. Ангел Динев) сега се предвидува домување (ГП 03.1). На ГП 02.211 веќе има парцела со намена В2, која е идеална за идна изградба на градинка. **Во склад со член 23 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање потребно е најмалку 2 м$^2$ по жител за игралишта за деца, 2 м$^2$ по жител за спортски терен и тие треба да имаат приоритет, што се коси со овој Регулациски план.**

Предлагаме **„поништување“** наместо „измена“ затоа што не може да се направи измена бидејќи според Законот за урбанистичко планирање (2020 г.) регулациски веќе не постои како тип на план. Остануваат опциите за „поништување“ или „укинување“, а „поништување“ е подобро бидејќи има ретроактивно дејство т.е. сите активности спроведени од страна на Општина Карпош на база на овој план се поништуваат. Ретроактивноста на поништувањето е многу важна бидејќи со неа Урбанистичкиот проект кој го има почнато Општина Карпош на основа на Регулацискиот план од Град Скопје нема основа да се продолжува и со тоа ул. Есперанто не би ја менувала својата сегашна траса.

ДУП за Градска четврт СЗ 19 за кој Општина Карпош води постапка во моментов, се однесува за цела четврт и се работи врз основа на извод од ГУП на Град Скопје. Следствено, нема да се изгуби правниот основ за таа постапка (не е ДУП за еден блок) и таа ќе продолжи. Единствено нема да ги има ограничувањата за улиците Ангел Динев и Есперанто кои ги задава Регулацискиот план и Општината ќе може многу подобро да го испланира просторот.

Единствена постапка која целосно зависи од Регулацискиот план како правен основ е урбанистичкиот проект за ул. Есперанто. Со поништувањето на Регулацискиот план, тој проект ќе престане да важи, а Општината ќе ја продолжи својата постапката за ДУП-от за СЗ 19 и таму подобро ќе ја испланира улицата во своја надлежност и како таква ќе ја стави на јавна анкета. Бидејќи секако Општина Карпош подготвува нова јавна анкета, ќе има можност во новиот ДУП да вметне ново подобрено решение кое нема да зависи од лошиот Регулациски план.

За крај, поништувањето на овој Регулациски план ќе нема никакви финансиски импликации врз буџетот на Градот бидејќи нов регулациски план не може да се направи според новиот Закон за урбанистичко планирање. Освен тоа, набрзо треба да се донесе нов ГУП кој ќе служи како основа за нов ДУП во Влае 2.

Поднесено на барање на:
**Граѓанска активистичка група за зачувување на хуманиот живот и развој на Влае – Борба за Влае**